Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-11378/5
Скопје/Shkup 11-11-2022 година/viti

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 89/22) и член 20 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта на седницата одржана на 11.11.2022 година донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

### Член 1

Во Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-211/4 од 11.1.2013 година, бр.02-227/11 од 04.2.2015 година, бр.02-2397/9 од 12.3.2015 година, бр.02 - 2684/6 од 14.3.2016 година, бр.02-11882/11 од 8.11.2018 и бр. 02-9336/6 од 29.08.2019 година, членот 17 се менува и гласи:

„Орган на управување на Јавното претпријатие е Управниот одбор.

Управниот одбор се состои од седум членови кои ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 17 ставови 4 и 5 од Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Në bazë të nenit 19, paragrafi (2), pika 1 dhe nenit 29 të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83 /09 , 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. .275/19 dhe 89/22) dhe nenit 20, pika 1) të Statutit të Ndërmarrjes Publike për Rrugët Shtetërore, Këshilli Drejtues i Ndërmarrjes Publike të Rrugëve Shtetërore në seancën e mbajtur më 11.11.2022 solli

## VENDIM STATUTOR PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E STATUTIT TË NDËRMARRJES PUBLIKE TË RRUGËVE SHTETËRORE

### Neni 1

Në Statutin e Ndërmarrjes Publike të Rrugëve Shtetërore nr. 02-211/4 datë 11.1.2013, nr.02-227/11 datë 4.2.2015, nr.02-2397/9 datë 12.3.2015, nr.02 - 2684/6 datë 14.3.2016, nr.02-11882/11 datë 8.11.2018 dhe nr. 02-9336/6, datë 29.8.2019, neni 17 ndryshohet si vijon:

"Organi drejtues i Ndërmarrjes Publike është Këshilli Drejtues.

Këshilli Drejtues përbëhet nga shtatë anëtarë, të cilët emërohen ose shkarkohen nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Anëtar i Këshilli Drejtues të Ndërmarrjes Publike mund të emërohet personi, i cili i plotëson kushtet, sipas nenit 17, paragrafët (4) dhe (5) të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike.

Kohëzgjatja e mandatit të anëtarëve të Këshilli Drejtues të Ndërmarrjes Publike është katër vjet, me të drejtë në një mandat tjetër të njëpasnjëshëm.

| | |
|---|---|
| Месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за присуство на седници на Управниот одбор, кој не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија.“ | Kompensimi mujor për punën e kryetarit dhe të anëtarëve të Këshilli Drejtues të Ndërmarrjes Publike për pjesëmarrje në mbledhjet e Këshilli Drejtues, i cili nuk mund të kalojë gjysmën e pagës mesatare neto të të punësuarve të Ndërmarrjes Publike, të paguar në vitin paraprak, realizohet në shumën e përcaktuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut”. |
| Член 2<br>По членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:<br><br>„Член 17-а<br>За постапката за именување на членови на Управниот одбор, распишувањето на јавниот повик за избор на членови на Управниот одбор, постапката за селекција на членови на Управниот одбор (административна селекција и интервју), донесувањето на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати, поведувањето на управен спор од страна на незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие, како и разрешувањето односно престанокот на мандатот на членовите на Управниот одбор, се применуваат одредбите од членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија.“. | Neni 2<br>Pas nenit 17 shtohet neni i ri 17-a, i cili thotë:<br><br>“Neni 17-a<br>Për procedurën e emërimit të anëtarëve të Këshilli Drejtues, shpalljen e thirrjes publike për zgjedhjen e anëtarëve të bordit drejtues, procedurën e zgjedhjes së anëtarëve të bordit drejtues (përzgjedhja administrative dhe intervista), miratimi i vendimit për emërimin e anëtarëve të Këshilli Drejtues të Ndërmarrjes Publike në mesin e kandidatëve më të renditur, fillimin e kontestit administrativ nga kandidatët e pakënaqur nga procedura e përzgjedhjes për anëtarë të Këshilli Drejtues të Ndërmarrjes Publike, si dhe shkarkimin ose ndërprerjen e mandatit të anëtarëve të Këshilli Drejtues, zbatohen dispozitat e neneve 17-a, 17-b, 17-c, 17-d, 17-e dhe 17-f të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike”. |
| Член 3<br>Во член 19 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:<br>„Претседателот на Управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Управниот одбор овластен од претседателот присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на Јавното претпријатие.” | Neni 3<br>Në nenin 19 pas paragrafit 4 shtohet një paragraf i ri (5), i cili thotë:<br>“Kryetari i Këshilli Drejtues ose nëse kryetari nuk ka mundësi të marrë pjesë për arsye objektive, anëtari i Këshilli Drejtues, i autorizuar nga kryetari, merr pjesë në seancën e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, kur çështjet dhe dokumentet janë në kompetencë të Këshilli Drejtues diskutohet dhe vendoset për Ndërmarrjen Publike.” |

Член 4

Во член 20 во ставот 1 точката 18 се менува и гласи:

„18.Донесува решенија за надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор и претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие, во износ согласно утврдената висина од страна на Владата на Република Северна Македонија согласно член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавните претпријатија;“.

Член 5

Членот 21 се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: Надзорниот одбор за контрола) составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор за контрола може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 26 ставови 2 и 3 од Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор за контрола изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор за контрола ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола за секоја седница на Надзорен одбор за контрола на која присуствувале, кој не смее да го надмине износот од една третина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија. “

Neni 4

Në nenin 20, paragrafi (1), pika 18 ndryshohet dhe vijon:

“18.Miraton aktvendime për kompensimin e kryetarit dhe të anëtarëve të Këshilli Drejtues dhe të kryetarit dhe të anëtarëve të Këshillit Mbikëqyrës të Ndërmarrjes Publike, në masën e përcaktuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pajtim me nenin 19, paragrafi (6) dhe nenin 27, paragrafi (9) të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike;”.

Neni 5

Neni 21 ndryshohet dhe vijon:

“Për kontrollin e veprimeve materiale dhe financiare të Ndërmarrjes Publike, themelohet Këshilli Mbikëqyrës për kontrollin e operacioneve materiale dhe financiare (në tekstin e mëtejmë: Këshilli Mbikëqyrës) i përbërë nga tre anëtarë.

Anëtar i Këshillit Mbikëqyrës të Ndërmarrjes Publike mund të emërohet personi, i cili i plotëson kushtet e parapara në nenin 26, paragrafët (2) dhe (3) të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike.

Kohëzgjatja e mandatit të anëtarëve të Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë është katër vjet , me të drejtë për një mandat tjetër të njëpasnjëshëm.

Anëtarët e Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë i emëron, përkatësisht i shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Kompensimi për kryetarin dhe anëtarët e Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë për çdo seancë të Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë në të cilin kanë marrë pjesë, i cili nuk mund të kalojë shumën e një të tretës së pagës mesatare neto të punonjësve të Ndërmarrjes Publike të paguar në vitin e kaluar, realizohet në shumën e përcaktuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

Член 6

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

„Член 21-а

Во постапката за именување и разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на Управен одбор.“

Член 7

Во член 22 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Претседателот на Надзорниот одбор за контрола или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор за контрола овластен од претседателот присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор за контрола.“

Член8

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие за државни патишта, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Neni 6

Pas nenit 21, shtohet neni i ri 21-a, i cili thotë:

“Neni 21-a

Në procedurën për emërimin dhe shkarkimin e anëtarëve të Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë zbatohen dispozitat e neneve 17-a, 17-b, 17-c, 17-d, 17-e dhe 17-f të Ligjit të Ndërmarrjeve Publike, të cilat i referohen procedurës së emërimit dhe shkarkimit të anëtarëve të Këshilli Drejtues”.

Neni 7

Në nenin 22 pas paragrafit (5) shtohet një paragraf i ri (6), i cili thotë:

“Kryetari i Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë ose nëse kryetari nuk ka mundësi të marrë pjesë për arsye të arsyeshme, anëtari i Këshillit Mbikëqyrës i autorizuar nga kryetari merr pjesë në seancën e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, kur ka çështje dhe dokumente nën juridiksionin e Këshillit Mbikëqyrës për kontrollë kur diskutohet dhe vendoset”.

Neni 8

Ky vendim statutor hyn në fuqi ditën e publikimit në tabelën e shpalljeve të Ndërmarrjes Publike të Rrugëve Shtetërore dhe do të publikohet pas marrjes së pëlqimit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Претседател на Управен одбор

Kryetarja e Këshillit Drejtues

Љупка Цикарска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Објавено на огласна табла на ден 14.02.2023